Дирекција за финансиска стабилност и банкарска регулатива
Бр.16 – 11186/1

Скопје, 27.3.2018 година

**До**
**сите банки**
**- на внимание на Управниот одбор**

Предмет: Барање за доставување податоци

За потребите на анализа на финансискиот систем, ве молиме да ги доставите следниве податоци:

1. Распределба на добивката за 2017 година (образец бр. 1);

2. Депозити од небанкарските финансиски институции – резиденти, со состојба на 31.12.2017 година (образец бр. 2);

3. Износ и структура на вложувањата на банките во други финансиски институции и во нефинансиски субјекти, со состојба на 31.12.2017 година (образец бр. 3);

4. За банките што се членки на берзата – вкупен износ на приходи врз основа на брокерски провизии во 2017 година, со посебно наведување на приходите врз основа на брокерските провизии остварени при работа со физички лица;

5. За банките што вршат продажба на осигурителни полиси – износ на бруто полисирани премии и број на продадени осигурителни полиси, според намената на осигурувањето и според договарачот на осигурувањето, во текот на 2017 година (образец бр. 4, табели бр. 1 и 2);

6. За банките што ги осигуруваат кредитите кај друштвата за осигурување – преглед на осигурените кредити на банките кај друштвата за осигурување, со состојба на 31.12.2017 година и преглед на платените бруто-премии од банката за осигурување кредити и наплатените штети од друштвата за осигурување врз основа на осигурените кредити, во текот на 2017 година (образец бр. 4, табели бр. 3 и 4);

7. Состојба на депозитите од поединечни друштва за осигурување, на 31.12.2017 година (образец бр. 5);

8. Преглед на кредитната изложеност обезбедена со полиса за осигурување на животот, со состојба на 31.12.2017 година (образец бр. 6);

9. Преглед на кредитната изложеност чиешто обезбедување е заштитено со важечка полиса за имотно осигурување со состојба на 31.12.2017 година (образец бр. 7);

10. Структура на нефункционалната кредитна изложеност кон физичките лица според одделни кредитни производи и според висината на месечните примања со состојба на 31.12.2017 година (образец бр. 8);

Ве молиме да ги доставите овие податоци до Дирекцијата за финансиска стабилност и банкарска регулатива по електронски пат на GeorgievskiM@nbrm.mk, најдоцна до 23.4.2018 година.

Обрасците доставени во прилог на овој допис можете да ги преземете од интернет-страницата на Народната банка на Република Македонија, во делот Супервизија/Извештаи, показатели, презентации и обрасци/Обрасци/Обрасци за банки.

За евентуални прашања при подготвувањето на бараните податоци, обратете се до Михајло Васков (тел.: 3108 129).

Со почит,

Директор
Наташа Андреева